**20151524368**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ СОБИРИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните собири,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 август 2015 година.

Бр. 08-3944/1
26 август 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ СОБИРИ

Член 1

Во Законот за јавните собири („Службен весник на Република Македонија“ број 55/1995, 19/2006 и 66/2007), во членот 9 став 1 зборовите: „1.100 до“ се бришат.

Во ставот 2 зборовите: „510 до 2.000 евра во денарска противвредност“ се заменуваат со зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице (организатор)“.

Член 2

Во член 10 во ставот 2 по зборот „протерување“ се додава сврзникот „на“.

Член 3

Во членот 10-а ставот 2 се брише.

Член 4

По членот 10-а се додаваат два нови члена 10-б и 10-в , кои гласат:

„Член 10-б

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице (организатор) се врши согласно Законот за прекршоците.

Член 10-в

За прекршоците утврдени во членовите 9 и 10 од овој закон, полициски службеник на Министерството за внатрешни работи е должен на сторителот на прекршокот да му издаде прекршочен платен налог согласно Законот за прекршоците.

Полицискиот службеник е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот од покренатите постапки.

Во евиденцијата од ставот 2 на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

Личните податоци од ставот 3 на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

Министерот за внатрешни работи ги пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.“

Член 5

Подзаконскиот акт утврден со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.